Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски бр: 08-140/3
Дата: 09-03-2022

Постапувајќи по претставката за заштита од дискриминација бр. 08-140/1 од 01.03.2022 година, поднесена од [redacted] од Куманово, за сторена дискриминација по ненаведена дискриминаторска основа, извршена од страна на неколку државни органи што ги посочува подносителот, согласно член 27 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл.весник на РСМ бр.258/20), Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 08.03.2022 година го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**
**за отфрлање на претставка заради ненадлежност**

Образложение

На 01.03.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] за извршена дискриминација по ненаведена дискриминаторска основа од страна на неколку државни органи што ги посочува во претставката и кои, според неговите наводи, требало да им го гарантираат уставното право на живот на подносителот и неговото семејство.

Во претставката подносителот се жали дека некоја институција му дала дозвола на неговиот сосед да има одгледувачница на кучиња во населено место, а тие постојано ширеле прекумерна бучава со нивното лаење, неподнослива миризба на измет и урина, што предизвикувало стрес кај него и неговото семејство.

Тој побара Комисијата да поведе постапка и да донесе решение за дислокација на четирите кучиња, бидејќи сопственикот не престојувал постојано во соседната куќа, туку доаѓал само да ги нахрани, а тој и семејството биле изложени на постојана тортура.

Од документацијата се гледа дека подносителот писмено се обратил до МВР Куманово за нарушување на јавниот ред и мир, до градоначалникот на општина Куманово, до Агенцијата за храна и ветеринарство, ПЕ Куманово, до Инспекторатот за животна средина ПЕ Куманово и до ЈО во Куманово.

После разгледувањето на наводите од претставката Комисијата одлучи дека **постапувањето по овој проблем не спаѓа во рамките на законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.**

Во членот 21 од истиот Закон таксативно се набројани законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно кои Комисијата **нема надлежност и стручност** да ја оценува работата на погоренаведените државни и локални органи и институции во ваква ситуација.

Согласно член 40, став 6 од Законот за општата управна постапка (Сл.весник на РМ бр.124/15) јавниот орган кој ќе утврди дека не е надлежен за работа по примен поднесок, службеното лице на овој орган ќе го предупреди на тоа подносителот и ќе го упати до јавниот орган надлежен за прием. Во овој случај, Комисијата за спречување и заштита од

дискриминација нема стручни компетенции и познавања каде би можел подносителот да го упати поднесокот.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Кире Василев

Скопје, 08.03.2022

**Правна поука:** Ова решение е конечно, а против истото може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управниот спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

[redacted]